Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

уп1-11/2-1437/2018
19.12.2018

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на Р М" бр 124 од 23.07.2015) и член 21 став (2 ) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 161/09. 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 163/13 и 39/16), министерот за животна средина и просторно планирање донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е
## За издавање на дозвола за колективно постапување со отпад од пакување на АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ

Со ова Решение се издава дозвола за колективно постапување со отпад од пакување на АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 13, 1000 Скопје,

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 25/10/2018 год, АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, со седиште ул. Димитрие Чуповски бр. 13, 1000 Скопје, поднесе барање за добивање на дозвола за постапување со отпад од пакување согласно со членот 21 став (2) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 161/09. 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 163/13 и 39/16).
Согласно со МИСЛЕЊЕТО бр. уп1-11/2 - 1437/2018 од 18/12/2018 година издадено од страна на стручниот органот на државната управа, надлежен за работите од областа на животна средина (Управа за животна средина) се констатира дека барањето ги исполнува условите пропишани со законот, и тоа:
1) Името и седиштето на правното лице за постапување со отпад од пакување;
2) Временскиот период за кој се бара дозволата;
3) договор за основање на правното лице за постапување со отпад од пакување, склучен на 07/02/2018 година;
4) список со назив, адреса, дејност, број на деловните субјекти и даночен број на производителите во чие име и за чија сметка постапува со отпадот од пакување;

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

5) доказ дека во моментот на поднесувањето на барањето има склучено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со 47 производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија 5,06% или 5819,2 тони од примарното, секундарното и терцијалното пакување на годишно ниво, во однос на 115 000 тони/годишно (Програма за постапување со отпад од пакување донесена за периодот 2011-2015 година, т.е. количина од 115 000 т/год. отпад од пакување пуштен на пазарот на РМ во 2015 година, како и врз основа на член 6 од УПАТСТВО за водење на постапка за издавање на дозвола за колективен постапувач и за водење на постапка за одобрување или неодобрување на годишен извештај согласно со Законот за управување со пакување и отпад од пакување бр. 02-6537/1 од 10/12/2018 год.)

6) Потврда за правното лице од тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија;

7) ИЗЈАВА која се однесува на Регистрирана ознака на пакувањето со која им гарантира на учесниците во системот дека ќе постапува со отпадот од пакување (доставена како дополнување на предметното барање од 18/12/2018 год.);

8) програма за постапување со отпад од пакување согласно член 22 од истоимениот закон;

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Даниела Ристова
Контролирал/ Одобрил: Гетоар Абдурамни
Согласен: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина